Боцевски сир
23.01.2017

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД – СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Број 10 – 21133/1
Дата 18-01-2017

23.01.2017
1405 50/2 2

До
**Агенција за електронски комуникации**

Г-дин Сашо Димитријоски
Директор на Агенцијата за електронски комуникации
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија

**Предмет:** Коментари на Македонски Телеком АД – Скопје кон предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Македонски Телеком АД Скопје Ви ги доставува коментарите кон предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга.

Се надеваме дека нашите коментари и предлози ќе бидат прифатени од Ваша страна и ќе бидат земени во предвид при подготовка на финалната верзија на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга.

Во очекување на одржување на јавен состанок помеѓу Агенцијата за електронски комуникации и операторите кои ќе достават забелешки на Правилникот, остануваме со поздрав.

Со почит,

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје

Директор на Сектор за регулативни и големопродажни прашања
Слободанка Гиевска

Прилог: Коментари на Македонски Телеком АД – Скопје кон предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660 | Основна главнина МКД 9.583.887.733,00

ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

# Коментари на Македонски Телеком АД – Скопје кон предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга

Табела со предлог измени и образложенија на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга:

| Реден број на членот | Предлог измени на Македонски Телеком | Образложение |
|---|---|---|
| Член 3, став (1) | (1) Битстрим пристапот се дефинира преку следните главни елементи:<br>– брз пристапен линк до просториите на крајниот корисник (дел на краен корисник) обезбеден од Операторот;<br>– капацитет за пренос (трансмисија) за широкопојасен пристап до услуги (broadband) во двете насоки (при што каналите за пренос во двата правци; можат да бидат асиметрични) овозможувајќи им на операторите-корисници да понудат свои услуги на крајните корисници;<br>– операторите-корисници имаат можност да ги издвојат своите услуги со менување на техничките карактеристики (директно или индиректно) и/или со користење на нивната сопствена мрежа;<br>– битстрим пристапот е големопродажен производ кој се состои од пристапен линк (бакар, оптика, LAN или коаксијален кабел) и/или услуги на пренос преку "backhaul" и/или `рбетна мрежа ("backbone ATM", "backbone IP"). | Со оглед на фактот дека операторите во Р. Македонија поседуваат повеќе видови на пристапни мрежи за услуги со широк опсег, сметаме дека покрај бакарната, оптичката и хибридната коаксијална мрежа во овој член треба да се додаде и LAN технологијата, заради запазување на принципот на технолошка неутралност. |
| Член 10, став (1) | (1) За препродажба на битстрим услуга се смета кога Операторот обезбедува пристапен линк независно од технологијата (бакар, оптика, HFC или LAN мрежна инфраструктура во пристапниот сегмент во мрежата на операторот) до краен корисник и „backhaul" услуга независно од технологијата на пристапната мрежа, а исто така обезбедува и поврзување на операторот-корисник на јавната IP мрежа на Интернет, при што услугата што му ја обезбедува Операторот на операторот-корисник е иста со онаа што Операторот им ја обезбедува на своите претплатници (Прилог 1, точка 4 и Прилог 2-а, точка 4). | МКТ смета дека треба да се понудат сите пристапни технологии за услуги со широк опсег за препродажба на битстрим пристап, имено ADSL, FTTH, DOCSIS 1/2, DOCSIS 3 и LAN технологија, заради принципот на технолошка неутралност. Особено е важна регулацијата во делот на препродажба на битстрим услуга заради поголема искористеност на оваа големопродажна услуга од сите оператори во РМ и елиминација на дуплирање на пристапна инфраструктура кое е доста застапено особено во урбаните средини. |